РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-1270/1
18.03.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:** **Македонска телевизија - Прв програмски сервис;**
**Македонска телевизија - Втор програмски сервис;**
**и приватните телевизиски програмски сервиси на државно ниво**

**Предмет:** **Известување за обврска за емитување пристапни програми за изборите согласно Изборниот законик**

Почитувани,

Ве информираме дека со измените и дополнувањата на Изборниот законик кои стапија на сила од 11 март („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 58/2024) во член 75 од Изборниот законик беа додадени два нови става (4) и (5) со кои се дополнува обврската согласно која Вашиот програмски сервис треба да известува за изборниот процес во формат пристапен за лицата со попреченост. Конкретно, обврзани сте, при известувањето за изборите, едно издание на вестите и една содржина емитувана во периодот од 16:00 до 24:00 часот да ја прилагодите со користење знаковен јазик, титлови, тонски опис или други алатки за обезбедување пристапност.

Исто така, пред почетокот на изборната кампања, потребно е да ја известите Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за тоа кое издание на вести и кои други содржини ќе ги емитувате во формат достапен за лицата со попреченост. АВМУ има должност податоците за достапните медиумски содржини за лицата со попреченост да ги објави на својата веб страница. Според изменетата одредба, овие обврски важат за приватните телевизии на државно ниво што ќе објавуваат платено политичко рекламирање.

Ве молиме да ги спроведете неопходните подготовки и најдоцна до 1 (први) април 2024 година до Агенцијата, на електронската адреса: dostapnost@avmu.mk, да го доставите известувањето кое АВМУ, пред почетокот на изборната кампања, ќе го објави на својата веб страница, за да можат граѓаните со попреченост да се информираат кои информативни изданија ќе им бидат пристапни.

Информации за техничките аспекти при користењето титлување, отворени или затворени текстуални описи, знаковен јазик или аудио описи, можете да најдете во брошурата „Како да се обезбедат информации за лицата со сетилна попреченост – Пристап, услуги, програми, материјали и алтернативни формати https://shorturl.at/ersNV изработена од АВМУ.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**